# СООПШТЕНИЕ

Во врска со зачестените измами на пропуштени повици за кои денеска Агенцијата за електронски комуникации беше известена од повеќе претплатници сакаме да ве известиме за следното:

По добиените известувања од страна на многу корисници дека има случаеви на пропуштени повици од непознати странски броеви Агенцијата свика итен состанок со претставници на операторите со цел надминување на ваквата ситуација. Станува збор за измами при која претплатникот довива краток повик кој прекинува пред да има можност претплатникот да одговори. Ако претплатникот го повика овој број најчесто добива одговор од гласовна машина и истиот се наплаќа по меѓународна тарифа. Ваквата измама во поинтензивна мерка е регистрирана од 06:30 часот утрово при што голем број на претплатници беа вознемирени со кратки повици од непознати броеви од странство. Најчесто повиците потекнуваа од Литванија, Естонија и сателитскиот операторот Глобал Стар. Операторите ги превземаа сите мерки за заштита на своите претплатници при што до 0900 часот утрово блокирани беа најголем дел од броевите преку кои се остваруваше ваквата измама, но истото не значи дека ваква измама нема да се повтори од други броеви.

За надминување на ваквата состојба Агенцијата апелира до сите претплатници во иднина да не повикуваат кон непознати пропуштени броеви од странски држави, бидејќи за истото ќе им биде наплатено високи цени на меѓународни повици.

Агенција за електроснки комуникации

19.02.2020